РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-233/4
26-07-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-мата седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот заведен под број 09-233/1 од 16.01.2024 година, оформен против --------, судија, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК заклучи дека наводите од пријавата не се потврдуваат и не е констатирана повреда на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 27.04.2022 година поднесена е пријава со наводи за незаконитости во стечајна постапка и оформен е предмет број 12-4240/1 од 27.04.2022 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконитости во стечајна постапка над правното лице ------------ – правно лице во сопственост на ----------- склучување на фиктивни договори помеѓу правни лица, перење пари, судир на интереси и вршење на влијание во стечајна постапка.

Во пријавата е наведено дека во рамки на стечајна постапка која започнала по пријава за стечај поднесена од страна на минорен доверител, фирмата-мајка ------------- е најголем доверител на фирмата-ќерка ----------------- над која е отворена стечајната постапка. Подносителот на пријавата смета дека побарувањата на доверителот од должникот се фиктивни и дека се основани на нотарски акт кон кој не се приложени договори како поткрепа на основаноста на побарувањето.

Подносителот на пријавата наведува дека во пријавата за стечај бил содржан конкретен предлог стечајот да го води стечајниот управител -----------. Воедно, наведено е дека по конституирање на одборот на доверители, адвокатското друштво --------- кое претходно било ангажирано за водење на сите постапки на -------------, било избрано за член на одборот.

Дополнително, во пријавата е наведено и дека стечајниот судија --------- е од -------, од каде е и сопственикот на адвокатското друштво --------- и укажува на ризик од вршење на влијание од

страна на судијата ---------, која е сопруга на сопственикот на адвокатското друштво ------------.
По извршениот увид во извештајот на стечајниот управител, подносителот на пријавата констатирал дека поголем износ на средства бил платен на адвокати ангажирани од адвокатското друштво ---------, за адвокатски услуги за кои не била приложена поткрепувачка документација.
За овие околности подносителот на пријавата смета дека претставуваат индиции за коруптивни дејствија, за вршење на влијание и за дејствување од позиција на судир на интереси.
Државната комисија со ------ бр.12-3967/9 од 29.12.2023 годин, донесена на 97 – мата седница на ДКСК одржана на ден 27.12.2023 година одлучи постапката за незаконито постапување од аспект на коруптивно дејствие во наведената стечајна постапка да ја запре, но во делот за постоење на наводи за состојба на судир на интереси ДКСК одлучи да се оформи предмет во Одделениeто за спечување судир на интереси и лобирање со бр. 09-233/1 од 16.01.2024 година
Заради утврдување на фактичка состојба и потврдување на наводите од пријавата, ДКСК се обрати со ---------- бр. 09-233/2 од 20.05.2024 година до ----------- во врска со тоа дали судијата ---------------- учествувала во стечајната постапка отворена со -------------- I.CT-111/17 од 24.11.2017 година над должникот Друштво за градежништво и трговија ----- - во стечај.
Во однос на поднесеното барање, -------- ја извести ДКСК со допис бр. 09-233/3 од 07.06.2024 година дека по извршената проверка во --------- системот од страна на овластен судски службеник во писарницата на стечајното одделение на ден 22.05.2024 година констатирано е дека наведеното лице од барањето судијата ----------- не постапувала во предметот Друштво за градежништво и трговија --------- ------ – во стечај, ниту била назначена за судија во стечајниот оддел. Во истиот предмет постапувал судија ---------------, сега ---------.
Од горенаведеното, ДКСК утврди дека во однос на наводите за коруптивни дејствија веќе постапиле други надлежни органи, а во врска со наводите за постоење на судир на интереси ДКСК заклучи дека наводите не се потврдуваат.
Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: М.М.- соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: м-р Б.К.Ш - член на ДКСК

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА / KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2331/
26-07-2024

**До**
**Друштво за промет, производство, градежништво и услуги КСГЕЛКОТЕХНА НИКОЛАЈ ДООЕЛ увоз- -извоз Скопје**
**Г. Николај Чурилов**
**Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 68**
**1000 Скопје**

Предмет: Достава на Одлука

Државната комисија за спречување на корупција, согласно член 22 став 1 од Законот за спречување на корпцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр.12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, на 8 - та седница, одржана на 24.07.2024 година донесе Одлука со број _______________________ од _______________________ година, по поднесена пријава од Ваша страна,

Донесената Одлука Ви се доставува заради Ваше запознавање.

Со почит,

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Прилог: Одлука бр. __________________________ од __________________________

Адреса: ул.Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930